РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3580/4
15.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од првото продолжение на осмата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 25.8.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Петар Џуровски.

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, го отвори првото продолжение на осмата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Господин Стефановски информира дека на денешната седница ќе се разгледува точката која претходно беше одложена поради технички причини, односно поради нејасно доставена понуда од страна на економскиот оператор.

Господин Трајчевски појасни дека во денешниот материјал понудата е јасно дефинирана. Економскиот оператор доставил нова понуда во која прецизно се наведени средствата за набавка.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата – шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска, објасни дека техничката грешка е коригирана. Агенцијата се обратила до фирмата која првично достави нецелосна и нејасна понуда, по што компанијата доставила нова, ревидирана понуда. По извршената проверка од страна на надлежната служба, утврдено е дека новата понуда е технички исправна и истата е вклучена во материјалот за разгледување на точката.

Г-ѓа Врзиволи потврди дека ја разгледала понудата и материјалот и се согласува дека технички е уредна.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услугата – информирање на јавноста за Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки, во износ од 59.000,00 денари без вклучен ДДВ.

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**